Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности
КАЛИН КАМЕН
Бр. 01-05/6
28.02 2025 год.
Крива Паланка

# ИЗВЕШТАЈ ПО ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

# НА ЈП КАЛИН КАМЕН - КРИВА ПАЛАНКА

# ЗА 2024 ГОДИНА

Јавното Претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности „Калин Камен“ - Крива Паланка е основано заради вршење дејност од јавен интерес. Основано е од страна на Советот на Општина Крива Паланка и истото постои од 2009 година.

Претпријатието како приоритетна дејност под кое е регистрирано е “Изградба на патишта и автопати” но во својот делокруг на работа ги извршува и следниве дејности:

1. Дистрибуција на гасовити горива преку дистрибутивните системи
2. Трговија на гас преку дистрибутивните системи
3. Снабдување со пареа и климатизација
4. Поставување на инсталации за водовод, канализација и плин и инсталации за греење и клима уреди
5. Трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива и слични производи
6. Складирање на стока
7. Електоинсталатерски работи
8. Услужни дејности поврзани со копнениот превоз

Сите горенаведени дејности се усогласени со националната класификација на дејности и се запишани во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Иако претпријатието е формирано во 2009 година, со конкретна активност во оперативното работење започнува од октомври годинава со статутарните измени и заложбата на Општина Крива Паланка да обезбеди стабилна и по поволни услови електрична енергија за граѓаните на општината.

Со денесување на одлука од страна на Совет на Општина Крива Паланка за изменување и дополнување на одлуката за времено уредување на јавни површини на подрачјето на градот, одлука за изменување број 09-3718/29 од 30.09.2022, одржувањето и користењето на јавните паркиралишта, како и техничките и организациските работи, наплатата и надзорот над паркирањето на возилата и останатите работи и беа доделени на јавното претпријатие за

дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка.

Имајки во предвид станува збор за комплексен проблем, наталожен со години, процесот на воведување на зонското паркирање како концепт на решавање на сообраќајниот хаос во градот бара поопсежен и подолготраен пристап на решавање со што ќе се излезе во пресрет на економската состојба на граѓаните но и ќе се реши сообраќајниот хаос во градот. Па така во 2024 година продолжија консултациите за зонското паркирање и се додефинираа правилниците со кои ќе се регулира зонското паркирање.

Вкупно беа доработени следниве документи со кои се регулира зонското паркирање и тоа:

- правилник за користење на јавни паркиралишта
- правилник за организација и наплата
- правилник за блокирање и деблокирање на возила и работа на пајак служба
- правилник за заштита на лични податоци
- правилник за повластени карти
- ценовник за подигање на возило со пајак служба
- ценовник за услуги и надоместоци за користење на јавните паркиралишта

Правилницте се доставени до Совет на Општина Крива Паланка за нивни лични идеи но и преку консултација со граѓаните кои тие ги застапуваат.

Во 2024 година исто така се изработи и план за јавни набавки преку кој беа предвидени основните потребни набавки со цел нормално функционирање на претпријатието како и неопходната инфрструктура за имплеменитрање на концептот за зонско паркирање во градот.

Согласно планот за јавни набавки се изработија техничките спецификации за набавките кои требаше да се случат согласно самиот план и тоа:

- техничка спецификација за набавка на гориво
- техничка спецификација за набавка на елекитрични тротинети и електрични скутери
- техничка спецификација за блокатори за тркало
- техничка спецификација за набавка на комјутери, принтери и фискални каси
- техничка спецификација за хоризонтална и вертикална сигнализација
- техничка спецификација рефлектирачки заштитни столбчиња
- техничка спецификација за телекомуникациски услуги
- техничка спецификација за електронски систем за наплата на паркинг
- техничка спецификација за агенција за привремени вработувања
- техничка спецификација за набавка на работни униформи
- техничка спецификација за изработка на информативни табли
- техничка спецификација за изработка на промотивни флаери

За посетителите да знаат каде можат да паркираат во Општина Крива Паланка паркинг местата по сообраќајниот проект се воведени во ГИС системот на општината.

Во 2024 година претпријатието ги подготви и драфт систематизација и организација на претпријатието.

Водејќи се од барањата на граѓаните за повеќе паркинг места во градот, Општина Крива Паланка заедно со ЈП Калин Камен влезе во процес на изготвување на проект за изградба на катна гаража кај градски зелен пазат која е во фаза на распишана тенденрска постапка. ЈП Калин Камен таму учествуваше во целиот процес за подготовка на проектот и тендерската спецификација.

Исто така, ЈП Калин Камен учествуваше и во изработката на идејното решение за катната гаража кај сточен пазар.

ВД Директор,
Јорданчо Миневски

КАЛИН КАМЕН Крива Паланка